Друштво за услуги и трговија
ИТС ТЕХНОЛОЦИ ДОО
Бр. 03-1126
03.02. 2026 г.
Скопје

16-93/2
16-02-26

# А Н Е К С бр.1

**кон Договорот за Надградба на систем за видео-надзор заведен под арх. бр. 16-1612/12 од 27.10.2025 кај Договорниот орган и заведен под арх. Бр. 04-7/25 од 27.10.2025 година кај Носителот на набавката**

1. **Министерство за дигитална трансформација,** со седиште на Бул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје, застапувано од министерот за дигитална трансформација, **Стефан Андоновски**, во понатамошниот текст: Договорен орган.

и

2. **Друштво за услуги и трговија ИТС ТЕХНОЛОЦИ ДООЕЛ Скопје,** со седиште на ул. Димитрије Чуповски бр.23 Скопје, Р.С.Македонија, со ЕМБС:7010974 и ЕДБ: 4080015549090, застапувано од управителот **Омар Матахен**, во понатамошниот текст: Носител на набавката.

Врз основа на член 119 став (1) точка 2. алинеја 1 и член 119 став (1) точка 3. од Законот за јавните набавки, а согласно образложението од член 119 став (8) од Законот за јавните набавки заведено под арх. бр. 16-99/1 од 13.01.2026 година (во прилог) се склучува овој Анекс бр.1 кон основниот договор.

**Член 1**

Се менува член 5 став (1) од основниот договор кој гласи:

„(1) Максимална сума која може да биде искористена согласно овој договор изнесува 720.000,00 денари без ДДВ. Максималната вредноста на ДДВ изнесува 129.600,00 ден, додека вкупната вредност на Договорот со вклучен ДДВ изнесува 849.600,00 ден.".

**Член 2**

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, Носителот на набавката има обврска да ја достави најдоцна до денот на потпишување на овој Анекс, продолжена и со важност согласно член 1 од овој Анекс бр.1.

**Член 3**

Овој Анекс бр.1 стапува на сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 4**

Овој Анекс бр.1 е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја договорна страна задржува по 2 (два) примерока.

| **Договорен орган** | **Носител на набавката** |
|---|---|
| Министерство за дигитална трансформација | Друштво за услуги и трговија ИТС ТЕХНОЛОЦИ ДООЕЛ Скопје |
| Министер, | Управител, |
| **Стефан Андоновски** | **Омар Матахен** |

ИТС ТЕХНОЛОЦИ ДООЕЛ Скопје